МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Бул. Гоце Делчев бр.18 1000 Скопје
www.mtv.com.mk

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 01-3193/с
02.07.2019 год.
СКОПЈЕ

Правила за ЈУНИОРСКИОТ Евросонг 2019

I. Општи Критериуми за учество во Проектот

Критериумите за учество на Јуниорскиот Евросонг 2019 ги определува секој раиодифузер носител на лиценцата (Македонската радио телевизија). Врз основа на Записникот бр. 14-3241/1од 05.06.2019 ги изготвувам подолу искажаните правила имајќи ги предвид правилата на ЕБУ (за возраст на учесниците, времетраење на песната, етички принципи итн.). За реализација на проектот Првиот програмски сервис на МТВ формира тим кој изготвува план на активности и финансиски план и истиот го изложува пред Програмскиот колегиум на Првиот програмски сервис на МТВ, а по потреба и пред Менаџескиот тим на МРТ.

II . Критериуми за учество на конкурсот за Аудиција на вокален интерпретатор

МРТ објавува повик за аудиција на вокални исполнители за Јуниорскиот Евросонг 2019, со следнава содржина:

АУДИЦИЈА за Јуниорски Евросонг 2019

МТВ распишува повик за аудиција за избор на вокален интерпретатор кој ќе ја претставува Македонија на Изборот за песна на Јуниорски Евросонг 2019, кој оваа година се одржува во Гливице, Полска. Децата учесници на аудицијата траба да бидат на возраст помеѓу 9 и 14 години на денот на финалната манифестација 24 ноември 2019.

Кандидатите се пријавуваат до тимот за Јуниорскиот Евросонг 2019, на email: jescmk@mrt.com.mk, или телефонски кај шефот на делегацијата. Пријавата треба да ги сидржи основните податоци: име и презиме, датум на раѓање, email адреса и контакт телефонски број на еден од родителите.

Децата учесници на аудицијата треба да се државјани на Република Северна Македонија или да имаат регулиран претстој во Р. Северна Македонија.

Учесниците на аудицијата треба да исполнат две композиции по сопствен избор на инструментална матрица. Самите учесници треба да донесат со себе технички исправен носач на звук аудио ЦД (wav - формат).

Аудицијата ќе се одржи на 06 јули со почеток во 10 часот во студијата на МРТ, а пријавувањето за аудиција е отворено од 20 јуни до 04 јули 2019 година.

Обврски на организаторот - носителот на проектот
по основ II

1. Организаторот го определува времетраењето на огласот на програмите на МРТ, во согласност со планот од точка I, исто така одлучува дали огласот ќе биде објавен во дневните весници и периодичните списанија за деца, исто така по сопствена проценка може да го продолжи рокот на конкурсот (не и да го скуси) или да го повтори. Измента на рокот треба јавно да биде соопштена, во прв ред на програмите на МТВ.

2. Менаџерскиот тим на МРТ на предлог на Програмскиот колегиум на Првиот програмски сервис на МТВ ќе формира комисија од најмалку 3 члена која ќе направи избор на кандидат (кандидати) за претставник на МРТ на Јуниорскиот Евросонг 2019. Имињата на членовите на комисијата можат да бидат објавени само по завршување на изборот.

3. Во составот на комисијата можат да членуваат и вработени во МРТ .

4. МРТ треба да им овозможи на кандидатите технички услови за аудицијата.

5. МРТ треба да изврши аудио снимање на кандидатите заради сопствена архива и одлуката на жири комисијата.

6. МРТ не го презема како обврска трошокот за транспорт на учесниците на аудицијата.

7. Избраните кандидати не смеат да бидат во тесна роднинска врска со членовите на комисијата или на членовите на тимот на проектот.

III. Начин на избор на кандидат претставник на МРТ на Јуниорскиот Евросонг 2019

1. Комисијата ги преслушува сите кандидати пријавени за аудицијата без исклучок и ги оценува нивните гласовни можности и сценски настап по што врши избор на кандидат (кандидати) за претставник на МРТ на Јуниорскиот Евросонг 2019. По потреба комисијата може да изврши и потесен избор, а потоа да изврши конечен избор. За својата одлука го информира менаџерскиот тим на МРТ.

2. Одлуката на комисијата за изборот станува конечна со потпишување на согласност на еден од родителите на избраниот кандидат за прифаќање на одлуката за избор на претставник на МРТ на Јуниорскиот Евросонг 2019.

IV. Начин на подготовка на композицијата

1. Во рок од 15 дена од соопштување на изборот на кандидатот кој ќе ја претставува МРТ на Јуниорскиот Евросонг 2019, тој во соработка со тимот на МРТ треба до шефот на делегацијата да достави првична верзија од композиција што ќе ја изведе на Јуниорскиот Евросонг 2019.

2. Време траењето на песната е определено на 3 минути, а не смее да биде пократка од 2 минути и 30 секунди.

3. Организаторот – МРТ, си го задржува правото да изврши избор на придружните вокали или танчарите кои ќе настапат на Јуниорскиот Евросонг 2019.

4. Авторот на песната (композиторот и текстописецот) директно соработуваат со тимот за Јуниорски Евросонг 2019 во финалното оформување на песната.

5. МРТ ќе ги покрие трошоците за доработка, аранжман и ремастеринг на песната.

6. МРТ ќе го обезбеди хотелското сместување како и патните и дневните трошоци за сите учесници на сцената – претставници на Јуниорскиот Евросонг 2019.

V. Етички правила

Етичките правила наведени подолу треба да ги почитуваат сите учесници на националната селекција и на Меѓународното финале.

Децата – артисти

1. Јуниорскиот Евросонг всушност претставува забавна програма за деца и треба да се почитуваат следните етички правила:

2. Децата артисти треба да ја добијат неопходната поддршка од сите инволвирани во овој проект, исто така ќе бидат превземени сите потребни мерки децата уметници да не бидат посрамотени заради своето евентуално неискуство или неспособност.

3. Сите страни инволвирани во меѓународниот натпревар треба да сторат се што е во нивна моќ да креираат тимска атмосфера меѓу децата артисти, да го збогатат нивното искуство и чувството за заедништво. Натпреварувачкиот аспект на изборот не смее непотребно да се нагласува. Шефовите на делегациите треба да им помогнат на децата артисти да сфатат дека самото тоа што биле селектирани од илјадници кандидати, веќе значи дека постигнале значителен успех.

4. Сите облици на контакти со пишуваните и електонските медиуми радиодифузерите - учесници треба да ги спроведат на начин кој децата артисти нема да ги доведе во непријатни ситуации или ситуации со кои нема да можат да се справат. Главната цел на контактот со пресот треба да биде шефот на делегацијата.

5. Дискусиите за изборот меѓу возрасните не треба да се одвиваат во присуство на децата артисти.

6. Децата артисти нема да носат облека која по својот израз е повеќе наменета за возрасни, исто така препорачливо е да не се користи облека со која по секоја цена се копираат интернационалните ѕвезди на популарната музика кои која го негува т.н."еротски стил". Истото се однесува и за шминката. Родителите евентуалните забелешки од органозаторот во овој контекст да ги сфатат добронамерно.

ОПШТА ЗАБЕЛЕШКА

Радиодифузерот домаќин - МРТ ќе ги преземе сите правни чекори пропишани со законот против сите физички лица кои неоправдано или несовесно ќе се обидат да го омаловажат овој проект, а со тоа и имиџот на МРТ, со тендециозни изјави во електронските или печатените медиуми.

Да се достави до:
- Правна служба
- Веб страна на МРТ

Скопје - јуни 2019

Изготвил: Раде Спасовски

Марјан Цветковски
Директор на МРТ

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје